CIVICA MOBILITAS

Здружение на финансиски работници
на локалните самоуправи и јавните претпријатија
Association of finance officers
of the local governments and public enterprises

Број: 0302-214
12.04.2018 година
Велес

**До**
**НВО ____________**

**Предмет: Покана**

Почитуван/а г/г-а ..............................,

**Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавни претпријатија – Велес со особена чест и задоволство Ве поканува и очекува Ваше присуство на настан наменет за Презентацијата на Нацрт извештајот со наслов „Добро владеење на локалната демократија и граѓанското учество на ниво на локална самоуправа“ закажан за ден 19 април 2018 година, со почеток во 10 часот во “Best Western Hotel Turist” - Скопје.**

Нацрт извештајот претставува резултат од спроведеното истражување и преземените активности во истоимениот проект кој е поддржан од грант на ЦИВИКА МОБИЛИТАС - проект на Швајцарската агенција за соработка и развој (СДЦ), претставен од Швајцарската амбасада во Република Македонија.

Активностите од наведениот проект беа спроведени во осум општини (по една општина од секој плански регион) и соодветен број на Граѓански организации со цел да се утврдат тесните грла во практикувањето на локалната демократија и граѓанското учество на локално ниво.

Со цел успешна реализација на наведените активности / информирање на Граѓанските организации за утврдените состојби и обезбедување на повратни информации, **од особен интерес е од секоја општина да учествуваат и соодветен број на номинирани претставници на граѓанскиот сектор/НВО.**

Реализацијата на оваа проектна активност не предизвикуваат финансиски импликации на финансискиот план на Вашата НВО. Висината на патните трошоци ги покриваме во износ на редовната цена на патниот билет за јавен превоз.

**Прилог**: Агенда

Со почит,

**Извршен директор**
м-р Зоран Јанкуловски

**Тел./Факс** ++389 43 230 623 ; ++ 389 43 230 625; **e-mail** zfrlsjpv@t.mk
**web site** www.zfr.org.mk **Даночен број МК4004997107233**
**Број на сметка 300 270 000 017 628 Комерцијална банка, 200 000 026 137 030 – Стопанска банка**